А БЕ, ГО САКАМ БАИРО ЧИСТ!

# Заклучоци од одржаната тркалезна маса за решавање на еколошките и комуналните проблеми во населбата Баир

Регионалното географско друштво ГЕОСФЕРА од Битола, во рамките на проектот „А бе, го сакам БАИРО ЧИСТ“ поддржан од Фондацијата Отворено општество Македонија, во соработка со Центар за еколошка демократија Флорозон од Скопје и Националната коалиција за животна средина (во која членуваат над 30 организации од државата), на 11.9.2020 год. во Хотел Епинал, Битола, организираше тркалезна маса на која преку конструктивна дебата меѓу граѓанските организации и институциите од Општина Битола се дискутираше за супстандардните услови за живот на ромското население во населбата Горен Баир во Битола и се предлагаа одржливи решенија за надминување на проблемите со дивите депонии, спалувањето на кабли и загадувањето на воздухот, како и проблемите со водоснабдувањето и хигиената на населението во услови на пандемија. На тркалезната маса беа присутни 14 учесници, од една страна претставници на институциите: Општина Битола, ЈП Водовод, ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба, а од друга страна, претставници на граѓанските организациии: Преда Плус, Сумнал, Ромско јато и Сфера Интернешнал.

На настанот беа презентирани резултатите од теренските истражувања во населбата Горен Баир, кои ги спроведе Геосфера-Битола, а се однесуваат на анкетирање на населението за најголемите еколошки и комунални проблеми, нивно мапирање и промоција на ВИДЕО https://youtu.be/4dYSM-HOh6o за животот на ромското население.

Во текот на дебатата, од страна на јавните комунални претпријатија, беа истакнати нивните заложби за надминување на проблемите, но и беа наведени постојаните пречки со кои се соочуваат на терен. Од друга страна, граѓанските организации инсистираа за носење на одржливи трајни решенија, кои целосно ќе ги решат проблемите, а не нивно краткорочно решавање.

Како главни заклучоци од тркалезната маса беа истакнати:

1. Поголема соработка меѓу граѓанските здруженија во Битола за интензивирање на притисокот врз институциите и јавноста во градот за трајно решавање на еколошките и комуналните проблеми во населбата Баир.
2. Поголем ангажман на граѓанскиот сектор и институциите во зголемувањето на еколошката свест кај ромското население.
3. Во однос на двете големи диви депонии кај игралиштето за фудбал и потрупаниот канал за прифаќање на поројните води, беше констатирано дека

каналот е под надлежност на ЈП Нискоградба и во моментот претставува потенцијална опасност од поплави за населбата Бадембалари, при евентуални поројни врнежи и истиот во најбрзо време треба да се исчисти. За да немаме повторно затрупување на каналот со отпадоци, беше предложено на следнава локација ($41^{0}$02’15’’ СГШ и $21^{0}$19’24’’ ИГД) од страна на ЈП Комуналец да се постави контејнер со голем капацитет, до кој има услови за пристап на камион, но и се предложи вработување на едно ромско лице од Горен Баир во ЈП Комуналец, кое ќе биде постојано присутно на терен и ќе ја одржува хигиената на тој простор.

4. Зголемување на притисокот врз Општина Битола за организирање на расправа меѓу стручните лица за промена на урбанистичките планови и урбанизирање на населбата Горен Баир, со што ќе се овозможат инвестиции во водоводната и канализационата мрежа и трајно ќе се решат проблемите со водоснабдувањето, или дислоцирање на населбата на соодветен простор.
5. Поголема присутност на инспекторатот за животна средина на терен во населбата и санкционирање на палењето на кабли. Во исто време, разгледување на идејата за организиран откуп на гумата од каблите, за дополнителна мотивација на населението за несогорување на каблите и намалување на загадувањето на воздухот во Битола, особено во населбата Баир и Бадембалари.
6. Примената на механизмот за бесплатна правна помош во случај на нарушување на правото за здрава животна средина и чиста вода е невозможно во овие случаеви, бидејќи населението е нелегално населено во оваа населба.

Претседател на Геосфера-Битола
м-р Мите Ристов